Македонска академија на науките и уметностите
Бул. Крсте Мисирков 2, Скопје, Република Македонија
Тел.: + 389 2 3235-400; Факс: + 389 2 3235-501
e-mail: manu@manu.edu.mk

Арх. бр.02-1333/1
20.04.2017 година

Врз основа на член 23 став 1 точка 8 од Законот за Македонската академија на науките и уметностите („Службен весник на РМ" бр. 13/96, 5/2009 и 59/2012) и член 81 став 1 точка 2 од Статутот на Македонската академија на науките и уметностите – Пречистен текст („Билтен" бр.1/2013), а во врска со член 4 од Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на РМ" бр. 196/2015), Претседателството на Академијата, по прибавено мислење од одделенијата на Академијата, на седницата одржана на 19 април 2017 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за заштитено внатрешно пријавување во Македонската академија на науките и уметностите

### Член 1

Со овој Правилник се уредува заштитеното внатрешно пријавување во Македонската академија на науките и уметностите (во понатамошниот текст Академија), како и постапувањето и должностите на Академијата во врска со заштитено пријавување и заштита и обезбедување заштита на укажувачите.

### Член 2

Заштитено пријавување претставува пријавување со кое се пренесува разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво или друго незаконито или недозволиво постапување, (кое некаде е веќе утврдено како недозволиво) со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

### Член 3

Лица кои можат да се јават во својство на укажувачи се: лице кое има засновано работен однос на неопределено или на определено време во Академијата, кандидат за вработување, кандидат за волонтер или практикант, лице кое било или е волонтер или практикант, лице кое по кој било основ било или е ангажирано за извршување работа, лице кое по кој било основ било или е во деловен однос или друг однос на соработка и лице кое користи или користело услуги во Академијата.

### Член 4

Укажувачот врши заштитено пријавување на начин усно на записник или во писмена форма до лице овластено од претседателот на Академијата.

Претседателот на Академијата назначува овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување (во понатамошниот текст: овластеното лице).

Доколку во Академијата нема овластено лице, заштитеното внатрешно пријавување се врши до претседателот на Академијата.

Претседателот на Академијата ги доставува до Државната комисија за спречување на корупцијата следниве податоци за овластеното лице: име и презиме, работно место, телефонски број и контакт, поштенска адреса и адреса на електронска пошта за прием на пријави.

Податоците од став 4 на овој член се објавуваат на веб-локацијата на Академијата или на друг начин се прават јавно достапни.

Член 5

Претседателот на Академијата му обезбедува на овластеното лице независност и непреченост во работата.

Заради обезбедување тајност и заштита на личните и други податоци што се примаат и обработуваат од страна на овластеното лице, согласно со прописите за заштита на класифицирани информации, претседателот на Академијата обезбедува и применува соодветни технички и организациски мерки за заштита на податоците од нивно случајно или незаконско уништување, или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, особено кога обработката вклучува пренос на податоци преку мрежа и заштита од какви било незаконски облици на обработка.

На овластеното лице му се обезбедува простор и опрема за работа: простор за работа соодветен за прием на странки; посебен компјутер обезбеден со единствено корисничко име и лозинка креирана од овластеното лице која му е позната само нему, со интернет-конекција и посебно сандаче за електронска пошта обезбедено со единствено корисничко име и лозинка креирана од овластеното лице која му е позната само нему; посебен приемен штембил; посебен деловодник; посебно поштенско сандаче; посебна телефонска линија; документарен орман за обезбедено чување на примените пријави, записниците, примените и создадените документи и други материјали во врска со заштитеното надворешно пријавување, посебниот деловодник и приемниот штембил.

Член 6

Овластеното лице врши прием на пријави доставени директно до него од укажувач заради заштитено внатрешно пријавување согласно со Законот за заштита на укажувачи, поединечно или групно, во писмена форма доставени лично или преку посебно поштенско или електронско сандаче или усно на записник.

Овластеното лице го врши заведувањето на примените пријави со ставање посебен приемен штембил и евидентирање во посебниот деловодник.

Член 7

Доколку пријавата е добиена усно, овластеното лице составува записник во кој се содржани следниве податоци:

а) податоци за укажувачот:

– име и презиме;

– категорија на лице кое согласно со Законот за заштита на укажувачи може да се јави во својство на укажувач;

– барање од укажувачот да остане доверлив и степенот до кој го бара тоа;
б) податоци за лицето односно субјектот за кого укажувачот пријавува;
в) опис на казниво или друго незаконито и недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес;
г) начин и форма на комуникација предложени од укажувачот меѓу овластеното лице и укажувачот;
д) прилози;
ѓ) датум и место на прием на пријавата.

Совпаѓањето на податоците од усната пријава во содржината на записникот се потврдува со личен потпис на укажувачот и овластеното лице за прием на пријави доставени заради заштитено надворешно пријавување.

Записникот од став 1 на овој член се заведува како примена пријава.

Член 8

Доколку пријавата е доставена во електронска форма на носач на електронски запис односно по електронски пат, овластеното лице го печати записот кој одговара на пријавата според содржината и го заведува отпечатеното со попишани прилози добиени во форма на електронски записи како примена пријава..

Доколку печатењето на прилозите од став 1 на овој член е неекономично, овластеното лице нив ги зачувува во електронска форма на посебниот компјутер обезбеден со лозинка која му е позната само нему.

Кога овластеното лице ја проследува пријавата до друга надлежна институција или кога е потребно пренесување на приложените електронски записи заради постапување по пријавата, во случајот од став 2 на овој член, овластеното лице, извршувајќи ги обврските и одговорностите во примена на обезбедените технички и организациски мерки за заштита на податоците во согласност со прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци, електронските записи ги преснимува на носач на електронски запис што го приложува кон пријавата.

Член 9

Овластеното лице, истиот ден по приемот, ја заведува пријавата со сите прилози, ја разгледува, ја проучува нејзината содржина и постапува согласно со Законот за заштита на укажувачи.

Доколку овластеното лице утврди дека примениот документ односно запис не претставува односно не се однесува на пријава од укажувач, за тоа веднаш става забелешка во предметот која ја евидентира во посебниот деловодник, задржува копија од предметот, а предметот со приложените документи во оригинал го доставува со пропратно писмо до писарницата на надлежната институција.

За преземените дејства од став 2 на овој член, овластеното лице без одлагање го известува укажувачот доколку е познат.

Член 10

По приемот и заведувањето на пријавата, овластеното лице без одлагање врши процена на содржината на пријавата за да утврди дали таа е логична и разумна, дали претставува пријава од укажувач согласно со Законот за заштита на укажувачи, како и дали пријавата содржи доволно елементи за да биде проследена за понатамошно постапување.

Во вршењето на процената од став 1 на овој член, овластеното лице може да побара дополнителни информации од укажувачот доколку е познат и да се консултира со други лица, а притоа внимава на заштитата на идентитетот на укажувачот.

По извршување на процената од став 1 на овој член, овластеното лице донесува заклучоци за понатамошно постапување по пријавата што се однесуваат на надлежноста односно ненадлежноста за постапување на институцијата каде што е назначено и потребното преземање мерки за постапување по пријавата.

Член 11

За наводите од содржината на пријавата и заклучоците од член 10 став 3 на овој Правилник овластеното лице без одлагање го известува претседателот на Академијата.

По исклучок, доколку овластеното лице во вршењето на процената од член 10 од овој Правилник констатира дека наводите од содржината на пријавата непосредно или посредно се насочени против претседателот на Академијата, пријавата ја проследува до надлежната институција согласно со закон.

Член 12

Овластеното лице во Академијата до кого е доставена пријава по која е надлежна да постапува друга институција согласно со закон, најдоцна до осум дена од денот на приемот на пријавата ја заведува и ја проследува до надлежната институција.

Доколку е пријавено кривично дело против државата, против човечноста и меѓународното право, од областа на организираниот криминал и за кое со Кривичниот законик е пропишана казна затвор од најмалку четири години, чиешто докажување е проследено со несразмерни тешкотии или не може да се изврши без исказ на укажувачот, кој поради можната опасност да биде изложен на заплашување, закана со одмазда или опасност за животот, здравјето, слободата, физичкиот интегритет или имот од поголем обем не се согласува во својство на сведок да даде исказ, овластеното лице со прибавена писмена согласност од укажувачот без одлагање доставува:

- иницијатива за доставување писмено барање до Министерството за внатрешно работи или надлежен јавен обвинител за поднесување Предлог за вклучување во Програмата за заштита согласно со Законот за заштита на сведоци, или
- иницијатива за поднесување Предлог до јавниот обвинител на Република Македонија за вклучување во Програмата за заштита согласно со Законот за заштита на сведоци.

За проследување на пријавата од став 1 на овој член и за доставувањето на писменото барање од став 2 алинеи 1 и 2 на овој член, овластеното лице истовремено го известува укажувачот доколку е познат.

Член 13

По примената пријава што е упатена до надлежната институција за која по процената од член 10 од овој Правилник се утврди дека таа е логична, разумна и содржи доволно елементи за понатамошно постапување, овластеното лице презема мерки во своја надлежност за постапување по пријавата односно ја проследува до службеното лице во институцијата надлежна за постапување во

областа на која се однесува пријавата, откако претходно од пријавата ќе ги издвои личните податоци и податоците кои може да го разоткријат идентитетот на укажувачот доколку укажувачот барал да остане доверлив.

Овластеното лице, по барање на укажувачот, го известува за текот и дејствата што се преземени во постапувањето по пријавата и му овозможува на укажувачот да изврши увид во списите на предметот оформен врз основа на неговата пријава согласно со закон.

Доколку овозможувањето на увид од став 2 на овој член односно пристапот до информациите во врска со постапувањето по пријавата може да има штетни последици за текот на постапката, овластеното лице ги одделува тие информации и за тоа го известува укажувачот и му овозможува увид во останатиот дел во содржината на известувањето односно во останатиот дел од списите на предметот.

За исходот од постапката по предметот оформен по пријавата овластеното лице го известува укажувачот доколку е познат.

Член 14

На укажувачот и на лице кое му е блиско им се обезбедува заштита од каков било вид на повреда на право или штетно дејство или опасност од настапување на штетни дејства заради извршено заштитено внатрешно пријавување.

Заштитата од став 1 на овој член се обезбедува од страна на Академијата, односно каде што е извршено пријавувањето со преземање дејство да се спречи повреда на правата од работен однос или на кое било право и воздржување од дејства со кои се повредува или загрозува кое било право на укажувачот заради извршено пријавување.

Доколку не е обезбедена заштита од став 2 на овој член, укажувачот пријавува за ова во Државната комисија за спречување на корупцијата, Народниот правобранител на Република Македонија, Инспекцискиот совет, Министерството за внатрешни работи и до Јавното обвинителство на Република Македонија, кои по пријавата без одлагање постапуваат согласно со своите надлежности.

Член 15

Под поимот блиско лице се подразбираат брачниот и вонбрачниот другар, роднините по крв во права линија, роднините во странична линија заклучно до трет степен, како и роднините по сватовство заклучно до втор степен, посвоеник и посвоител и друго лице кое заштитеното лице го смета за блиско лице и за кое се бара да биде заштитено согласно со одредбите од член 14 од овој Правилник.

Член 16

Злоупотреба на пријавувањето на укажувачот е свесно пријавување невистинити информации за некое физичко лице од член 3 на овој Правилник или Академијата заради предизвикување штетни последици за нив.

Злоупотреба на пријавувањето на укажувачот е и доколку со должно внимание и совесно, до оној степен до кој го дозволуваат тоа околностите, не проверил дали тие се точни и веродостојни.

Со утврдување на злоупотребата од ставовите 1 и 2 на овој член, се губи заштитата обезбедена согласно со член 14 од овој член.

Злоупотребата на пријавувањето на укажувачот поради која настанале штетни последици за физичко лице или Академијата е основ за поведување на постапка за утврдување на негова одговорност согласно со закон.

Член 17

Овластеното лице изготвува полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи кој содржи општи статистички податоци и податоци за оформени предмети по примени пријави.

Општите статистички податоци за кои задолжително се известува со полугодишен извештај се:

а) вкупен број примени пријави;

б) број на примени пријави, по следниве параметри:

- форма и начин на достава (усна на записник, писмена по пошта, писмена по електронска пошта);
- пријавено казниво односно недозволиво постапување;
- категорија на лица во својство на укажувач;
- позиција/работно место на пријавени лица;
- доверливи укажувачи;
- анонимни укажувачи;
- укажувачи кои не се анономни и кои не барале да бидат доверливи;

в) вкупен број укажувачи;

г) број на анонимни укажувачи;

д) број на доверливи укажувачи;

ѓ)број на пријави што се проследени до институција на надлежно постапување;

е) број на пријави по кои институцијата постапила во рамки на своите надлежности.

Податоци за оформени предмети по примени пријави се:

а) вкупен број примени пријави;

б) број на примени пријави по параметрите:

– пријавено казниво односно недозволиво постапување;
– категорија на лица во својство на укажувач;
– позиција/работно место на пријавени лица;
– доверливи укажувачи;
– анонимни укажувачи;
– укажувачи кои не се анономни и кои не барале да бидат доверливи;

в) вкупен број укажувачи што доставиле пријави по кои се оформени предмети;

г) број на анонимни укажувачи што доставиле пријави по кои се оформени предмети;

д) број на доверливи укажувачи што доставиле пријави по кои се оформени предмети;

ѓ) број на предмети оформени по примени пријави;

е) преземени мерки за постапување по примените пријави;

ж) статус на предметите оформени по примени пријави и исход од постапувањето по предметите.

Член 18

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во Билтенот на Академијата.

Претседател,

акад. Таки Фити